РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: | 24.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 341/1 | | |

**До Општина Валандово**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни ги локалните акциони планови за животната средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животната средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
2. Доставете ни ги сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
3. Доставете ни информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животната средина. Доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано ваквото тело.
4. Доставете ни ги едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил,** [redacted]
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Во [redacted] **21.03.2023 година**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 – 341/2
18.04.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-341/1 од 24.03.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-341/1 од 24.03.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:Е.Фидански
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-341/3
12.04.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 21.03.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 21.03.2023 година, заведено под бр.10-341/1 од 24.03.2023 година, Ве известуваме дека Општина Валандово во периодот од 2016 до 2023 година нема изготвено Локален акционен план за животна средина.

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со
информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ